*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ*
*ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ*

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС, КОЈА СЕ СПРОВЕДУВА ВО ХАРТИЕНА ФОРМА И ЗАВРШУВА СО Е-АУКЦИЈА

# ЗА НАБАВКА НА МОБИЛНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ БРОЈ 04/2014

Скопје, Јануари 2014 година

## Инструкции за понудувачите

**1. Договорен орган**

Договорен орган е Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош - Скопје, со адреса на ул. „Васил Главинов„ бр.12/1, ТЦЦ Плаза, телефон за контакт 02/3215-621, факс 02/3222-304, електронска адреса IPA_AA@dzr.gov.mk, контакт лице Елизабета Саздовска.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на **мобилни телекомуникациски услуги** за потребите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош **за период од 2 (две) години.**

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација во прилог на оваа Тендерска документација.

2.1 Предметот на договорот **не е делив** на делов. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно ќе се смета за неприфатлива. За предметот на договорот ќе се спроведе електронска аукција преку електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk).

**3. Начин на извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да ја извршува услугата континуирано во текот на важењето на договорот, кој ќе се склучи за период од 2 (две) години.

Во текот на овој период, Носителот на набавката е должен континуирано да ги обезбедува услугите наведени во техничката спецификација, под условите наведени во неа.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка се дозволени согласно со официјалниот ценовник за деловни корисници на носителот на набавката, но во никој случај не можат да бидат понеповолни од понудените со понудата.

**5. Рок на извршување на услугата**

Рокот на извршување на услугата започнува со денот на склучување на договорот, а најрано од 25.04.2014, по што носителот на набавката е должен, на барање на договорниот орган да го изврши пренесувањето на телефонските броеви согласно со начинот и постапката од важечкиот правилник за преносливост на броеви, без прекин на телекомуникациските услуги.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорачува континуирано 24 часа на ден, 7 дена во неделата, кон сите фиксни и мобилни оператори.

**6. Начин на плаќање**

Начинот на плаќање е вирмански со доставување на месечна фактура по извршената услуга со одложено плаќање во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

7.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

7.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

7.3. Стандарди за системи за квалитет

Понудувачот треба да ги исполнува следниве стандарди за системи за квалитет:
Сертификат за поседување на стандардот за управување со квалитет -ISO 9001.

**8. Начин на докажување на способноста на понудувачот**

Понудувачот треба да ги поседува следниве документи за докажување на својата способност, во зависност од критериумите предвидени во точка 7 од оваа тендерска документација, и тоа:

8.1. За докажување на личната состојба:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;

- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 8.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

8.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

8.3. За исполнување на стандардите за системи на квалитет:

Понудувачот треба да достави копија од сертификатот за управување со квалитет - ISO 9001, заверена од понудувачот.

Согласно со член 102, став 4 од Законот за јавните набавки, понудувачот не треба со својата понуда да ги достави горенаведените документи предвидени со законот како доказ за исполнување на критериумите за утврдување на способност. Наместо тоа, понудувачот поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на способност, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација. Договорниот орган ќе побара само од понудувачот кој поднел економски најповолна понуда во текот на електронската аукција да ги достави потребните документи за утврдување на неговата способност.

## 9. Изготвување и поднесување на понудите

### 9.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа

тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластеното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

9.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пополнет образец на Понуда (**Прилог 1**),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способност (**Прилог 2**),
- Пополнет образец на Изјава за сериозност на понудата (**Прилог 3**),
- Пополнет образец на Изјава за независно поднесена понуда (**Прилог 4**),
- Парафиран Нацрт - Договор (**Прилог 5**)
- Доказ за регистрирана дејност (**Прилог 6**)
- Придружна документација која се бара согласно со техничките спецификации и образецот на понуда (Ц*еновник за услугите кои не се содржани во образецот на понуда*) (**Прилог 7**)

9.3. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

9.4. Изјава за независно поднесена понуда

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишува изјава во која под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека понудата ја поднел независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека не учествува во истата постапка со други економски оператори со кои е капитално, сопственички или роднински поврзан.
Доколку договорно орган има сознанија за невистинитоста по наводите на изјавата, веднаш ќе ги извести надлежните органи.

9.5. Јазик на понудата

Понудата, како и целата коресподенција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик од овластен преведувач.

9.6. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува **120 дена** од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

9.7. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.
Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај", да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.

9.8. Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

9.9. Краен рок за поднесување на понудите

Краен рок за поднесување на понудата е 03.02.2014 година до 12:00 часот. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

## 10. Јавно отворање и евалуација на понудите

10.1. Јавното отворање на понудите ќе се изврши на датумот утврден како краен рок за поднесување на понудите во просториите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош - Скопје, со адреса на ул. „Васил Главинов„ бр.12/1, ТЦЦ Плаза.

10.2. Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот претставник треба на Комисијата да и предаде писмено овластување од понудувачот.

10.3. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда во првата фаза од постапката, договорниот орган ќе го покани единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН.

## 11. Критериум за доделување на договорот

Критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка е:

**Економски најповолна понуда**

11.1. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

11.2. Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:

| Р.бр. | Критериуми | Бодови на елементот |
|---|---|---|
| 1. | Месечна претплата | 20 бода |
| **2.** | **Цена на говорни повици кон национални мобилни и фиксни мрежи*** | **30 бода** |
| 3. | Роаминг повици/СМС роаминг | 5 бода |
| 4. | Меѓународни повици | 2 бода |
| 5. | Субвенција за мобилни телефонски апарати по претплатничка линија | 25 бода |
| 6. | Интернет во национална мрежа | 15 бода |
| 7. | Национален СМС | 3 бода |

Со оглед на тоа дека во конкретниот случај сите елементи на критериумот економски најповолна понуда се ценовни, електронска аукција се прави на елементот (цената) кој што носи најмногу бодови, додека на останатите елементи се доделуваат бодови во текот на евалуацијата и истите остануваат непроменети. Аукцијата се спроведува на елементот – цена кој што носи најмногу бодови **(*Цена на говорни повици кон национални мобилни и фиксни мрежи)**, кој во ***огласот објавен во ЕСЈН во делот Елементи на критериумот економски најповолна понудата прввиот елемент - Цена која носи најмногу бодови, односно 30 бода, се однесува за Цената на говорни повици кон национални мобилни и фиксни мрежи.***

11.3. При евалуација на цените кај горенаведените елементи (точка 1, 2, 3, 4, 6 и 7) ќе се користи единечната цена на секој елемент одделно без вклучен данок на додадена вредност (ДДВ), при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена ќе се доделат според следнава формула:

$$\textit{Број на бодови} = \frac{\textit{Најниска цена (без ДДВ)} * \textit{Максимален број бодови}}{\textit{Цена (без ДДВ)}}$$

11.4. При евалуација на цените кај елементот од точка 5 – Субвенција за мобилни телефонски апарати по претплатничка линија, ќе се користи единечната цена на елементот без вклучен данок на додадена вредност (ДДВ), при што најмногу бодови ќе добие понудата која има највисока понудена цена. Бодовите за елементот цена ќе се доделат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Цена (без ДДВ)} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Највисока Цена (без ДДВ)}}$$

<u>**Доколку за некој од елементите (точка 1, 2, 3, 4, 6 и 7) се понуди вредност од 0 денари, истата исклучиво за потребите на евалуација ќе се смета како 0,001 денар.**</u>

11.4. Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови („Сл. весник на РМ“, бр. 41/08).

<u>12. Електронска аукција</u>

12.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

<u>12.2. Подетални информации за електронската аукција:</u>

Договорниот орган, ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Со оглед на тоа дека во конкретниот случај сите елементи на критериумот економски најповолна понуда се ценовни, електронска аукција се прави на елементот (цена) кој што носи најмногу бодови, додека на останатите елементи се доделуваат бодови во текот на евалуацијата и истите остануваат непроменети. **Аукцијата се спроведува на елементот – цена кој што носи најмногу бодови**. Почетна цена на електронската аукција се првично поднесените цени на секој од квалификуваните понудувачи.

Пред закажување на електронската аукција која се спроведува во постапка во која како критериум е избран економски најповолна понуда, комисијата прави целосна евалуација на првично поднесените понуди, при што доделува бодови за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда. Врз основа на спроведената евалуација и доделените бодови се формира почетна ранг листа на квалификувани кандидати.

На електронската аукција, понудувачите може да ги намалуваат своите првично поднесени цени и на тој начин да ги зголемат првично добиените бодови за елементот цена, додека бодовите доделени за останатите елементи остануваат непроменети како за времетраењето на е-аукцијата така и по нејзиното завршување.

Поканите за учество на аукцијата ќе се доставaт во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН. Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена на адресата за е-пошта на лицето за контакт наведено во Образецот за понуда кое претходно е регистрирано во ЕСЈН. Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на квалификуваниот понудувач, односно неговата првично поднесена цена; датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени)/ доделените бодови за секој елемент, како и почетниот тековен ранг на понудувачот направен врз основа на вкупниот број бодови доделени за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

## 13. Доделување на договорот за јавна набавка

13.1. Договорниот орган, по спроведената електронска аукција како последна фаза во постапката за барање за прибирање на понуди, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

13.2 Доколку две или повеќе понуди имаат ист број на бодови, за најповолна понуда ќе биде избрана онаа понуда која прва ги постигнала најголемиот број на бодови.

13.3 Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда во првата фаза од постапката, договорниот орган ќе го покани единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН.

Во поканата до единствениот понудувач ќе бидат содржани: понудата која ќе биде предмет на поднесување конечна цена, информации кои ќе му бидат достапни пред поднесувањето на конечната цена и времето на поднесување на конечната цена.

Единствениот понудувач може да ја поднесе конечната цена во утврденото време само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена првично понудената цена ќе се семата за конечна.

Договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на единствениот економски оператор кој поднел прифатлива понуда или да ја поништи постапката доколку се поднесени цени понереални од реалните на пазарот.

13.4 Во случај во текот на аукцијата да нема негативно наддавање, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на економскиот оператор чија првична прифатлива понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда или да ја поништи постапката доколку се поднесени цени понеповолни од реалните на пазарот.

## 14. Известување на понудувачите

14.1. По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој што поднел најповолна понуда во текот на негативното наддавање. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

14.2. Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 12. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

## 13. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## 14. Склучување на договорот за јавна набавка

14.1 Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 4 примероци на потпишување.

14.2 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 5 дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на договорниот орган.

14.3 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 14.2 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и да објави негативна референца.

## Техничка спецификација
## за набавка на мобилни телекомуникациски услуги за потребите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

### Потребно е да се достави понуда со следните барања на договорниот орган:

| | |
|---|---|
| Број на претплатнички линии во пакетот на барани услуги | Минимум 35 претплатнички говорни мобилни постпејд телефонски линии (СИМ картички);<br><br>Сите СИМ картички да бидат во рамките на операторот<br><br>Носителот на набавката безусловно ќе допушти зголемување на бројот на претплатничките линии од најмногу 100% по барање на договорниот орган. За потребата за обезбедување на повеќе од овој број на линии, договорниот орган потребно е да добие претходна согласност од носителот на набавката. |
| Модел на тарифирање | Тарифирањето на разговорите да се врши во временски интервал од 60/1 секунди (првиот интервал е 60 секунди, а останатите 1 секунда) |
| Нормална/ефтина тарифа | Еднаква тарифа во текот на 24 часа |
| Цена на разговори во рамки на операторот | 0 ден/мин./неограничено |
| Надоместокот за воспоставувањето на повик | 0 денари |
| Цена за нова претплатничка линија (СИМ картичка) | 0 денари |
| Замена на СИМ картичка | 0 денари |
| Деблокирање на СИМ картичка | 0 денари |
| Надоместок за детална сметка, која се доставува и во печатена и во електронска форма | 0 денари |
| Цена на услуга за пренесување на броевите (портирање) | Бесплатно портирање.<br>Моменталните претплатнички броеви да бидат пренесени заедно со префиксот ( НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во мобилниот оператор кој што ќе биде избран како најповолен понудувач |
| Говорна пошта (преслушување на пораки) | 0 денари |
| Центар за грижа на корисници | 0 денари |
| Забрана на несакани повици | 0 денари |
| Пренасочување на повик | 0 денари |
| Повик на чекање и задржување на повик | 0 денари |

| | |
|---|---|
| Идентификација на повикувачки број | 0 денари |
| Привремено исклучување (во случај на кражба и слично) | 0 денари |
| Активирање по исклучување | 0 денари |
| Промена на број | 0 денари |
| Проверка на сметка | 0 денари |
| Покриеност со мрежа | Услугата за телефонски повици мобилниот оператор треба да ја нуди на целата територија на РМ. |
| **Цени на останати услуги** | Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува **по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги кои се дадени во Прилог кон овој договор.** |
| Времетраење на договорот | 24 месеци (2 години од денот утврден за отпочнување на користење на бараната услуга во договорот) |
| Рок и место на испорака | Услугата да се извршува 24 часа на ден, 7 дена во неделата, кон сите фиксни и мобилни оператори |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ___________ објавен од страна на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за доделување договор за јавна набавка на мобилни телекомуникациски услуги, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________________
I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________
- Телефон: ____________________________________________
- Факс: ____________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________

I.3. Овластено лице: ____________________________________________
I.4. Даночен број: ____________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ги понудите услугите кои се бараат согласно техничката спецификација и условите од тендерската документација.

**Дел III - Финансиска понуда**

III.1. Цената на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти е даден во следнава листа на цени:

**Напомена:** Цената треба да се изрази на две децимали. Доколку понудувачот ја изрази цената со повеќе од две децимали, комисијата ќе ја смета цената до втората децимала.

| | Критериуми | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Месечна претплата[1] | | |
| **2.** | **Цена на говорни повици кон национални мобилни и фиксни мрежи[2]** | | |
| 3. | Роаминг повици/СМС роаминг [3] | | |
| 4. | Меѓународни повици[4] | | |
| 5. | Субвенција за мобилни телефонски апарати по претплатничка линија[5] | | |
| 6. | Интернет во национална мрежа[6] | | |
| 7. | Национален СМС[7] | | |

**Услови и начин на изразување на цените:**

**1.Месечна претплата[1]**

Понудената месечна претплата не смее да биде повисока од 600,00 денари по претплатничка линија (без вклучен ДДВ) и целата сума од претплатата мора да биде вклучена за реализација на телефонски повици кон сите национални (фиксни и мобилни) мрежи по цени и тарифни модели дадени во оваа понуда.

**2. Цена на говорни повици кон национални мобилни и фиксни мрежи[2]**

Економскиот оператор треба да понуди единствена цена на чинење на говорните повици кон сите мобилни оператори и фиксни мрежи. Цената треба да се однесува на минута разговор.

**3.Роаминг повици/ СМС роаминг[3]**

**Цената за бодирање е средна цена на телефонски повици од странство кон Р.Македонија без ДДВ која претставува сума на сите цени за роаминг повици во првата минута на разговор (Цена А + Цена Б), дадени во подолната табела поделена со бројот на држави.** Во случај роаминг услугата да биде понудена од повеќе роаминг оператори за конкретната земја, треба да се понуди цената по минута на роаминг услуга (повици од странство кон Македонија) од **најевтиниот** реномиран оператор. За сите останати земји цената за роаминг телефонски повици од странство кон Македонија ќе бидат согласно официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор. Ако цените за телефонски повик во нормална и евтина тарифа се разликуваат, треба да биде понудена цената во нормална тарифа. Цената на телефонски повик во евтина тарифа е пониска од цената на телефонски повик во нормална тарифа. Понудените цени треба да се однесуваат на остварување на повик при стандарден начин на повикување {меѓународен повикувачки код (00 или +)], [389], [префикс за град или мобилен оператор] и [број]}, без дополнителни активации и без специјални кодови за повикување. Ако не постои надоместок за воспоставување на повик, задолжително да се внесе 0 во соодветната колона. Доколку полето е празно, комисијата ќе смета дека цената изнесува 0 денари. Роаминг повиците што ги прима претплатникот кога е во странство ќе се наплатуваат согласно официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор.

Цената на СМС роаминг е средната цена на СМС пораки од странство кон Р. Македонија без ДДВ која претставува сума на сите цени за СМС роаминг дадени во долната табела поделена со бројот на држави. Во случај услугата за СМС роаминг да биде понудена од повеќе роаминг оператори за конкретната земја, треба да се понуди цената на СМС (пораки од странство кон Македонија) од **најевтиниот** реномиран оператор.

Цената на роаминг повици од странство кон Р Македонија е средна вредност од сите цени на роаминг повици кон држави кои што се одбрани од договорниот орган (дадени во табеларниот приказ) во првата минута на разговор и изнесува ________________ денари без ДДВ (со бројки) __________________________ (со зборови).

Цената на СМС роаминг е средна вредност од сите цени на СМС роаминг од држави кои што се одбрани од договорниот орган (дадени во табеларниот приказ) и изнесува _______________ денари без ДДВ (со бројки) __________________________ (со зборови)

Табела 2

| Ред. број | Држава | Цена за воспоставување на повик без ДДВ (цена А) | Цена на роаминг повик во времетраење од една минута без ДДВ (цена Б) | **Цена на роаминг повик** во првата минута на разговор (цена А + цена Б) | Цена на СМС роаминг |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бугарија | | | | |
| 2 | Белгија | | | | |
| 3 | Грција | | | | |
| 4 | Словенија | | | | |
| 5 | Србија | | | | |
| 6 | Црна Гора | | | | |
| 7 | Косово | | | | |
| 8 | Албанија | | | | |
| 9 | Турција | | | | |
| 10 | Хрватска | | | | |

**4.Меѓународни повици**[4]

Цена за бодирање на меѓународни телефонски повици е средна цена на телефонски повици од Р.Македонија кон странство без ДДВ, односно сума на сите цени за меѓународни повици дадени во долната табела поделена со бројот на држави и изнесува _______________________ денари без ДДВ (со бројки) _______________________________________________________________(со зборови).

Табела 3

| Ред. број | Држава | Цена на меѓународен повик во времетраење од една минута без ДДВ (цена А ) |
|---|---|---|
| 1 | Бугарија | |
| 2 | Белгија | |
| 3 | Грција | |
| 4 | Словенија | |
| 5 | Србија | |
| 6 | Црна Гора | |
| 7 | Косово | |
| 8 | Албанија | |
| 9 | Турција | |
| 10 | Хрватска | |

**За сите останати земји цената за меѓународни телефонски повици (повици од Македонија кон странство) ќе бидат согласно официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор. Понудените цени не треба да бидат повисоки од цените во официјалните ценовници за меѓународни повици на мобилните оператори.** Ако цените во нормална и евтина тарифа се разликуваат треба да биде понудена цена во нормална тарифа. Цената на телефонски повик во евтина тарифа е пониска од цената на телефонски повик во нормална тарифа. Понудените цени треба да се однесуваат на остварување на повик при стандарден начин на повикување {меѓународен повикувачки код (00 или +)], [код на држава], [префикс за географско нумерациско пдрачје или НДК на мобилен оператор] и [претплатнички број]}, без дополнителни активации и без специјални кодови за повикување. Ако не постои надоместок за воспоставување на повик, задолжително да се внесе 0 во соодветната колона (претпоставено е дека просечното време на разговор не е подолго од една минута).

**5.Субвенција за нови мобилни апарати[5]**

Субвенција по претплатничка линија за набавка на мобилни телефонски апарати за потребите на договорниот орган. Субвенциите треба да се однесуваат за сите мобилни телефонски апарати презентирани во официјалните ценовници за постпејд услуги на мобилниот оператор, без истиот да биде понуден во некој тарифен модел, т.е. цената на самиот телефонски апарат. Договорниот орган го задржува правото да одбере телефонски апарати преставени во официјалните ценовници за постпејд услуги на мобилните оператори согласно своите потреби. Операторот задолжително треба да дозволи здружување на повеќе субвенции при набавка/и на телефон/и.

**6. Интернет во национална мрежа[6]**

Цена за интернет сообраќај се однесува на 1 MB. Интервал на тарифирање за интернет сообраќај е 10 KB.

**7. Национален СМС[7]**

Цената на СМС порака се однесува на една порака кон сите национални мобилни мрежи.

III.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

III.3 Го прифаќаме рокот за пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на мобилните комуникациски услуги, согласно начинот и постапката на важечкиот правилник за преносливост на броеви.

III.4 Сите услуги кои не се прикажани во финансиската понуда ќе се тарифираат согласно официјалниот ценовник за постпејд услуги, во моментот на обезбедување на услугата.

III.5 Сите трошоци за пренесувањето на постоечките броеви со префиксот ќе бидат вклучени во понудените цени.

III.6 Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.7 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот нацрт – договор.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способност**

И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ________________________________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација по огласот број _________(*да се наведе бројот на огласот*) за доделување на договор за јавна набавка на <u>мобилни телекомуникациски услуги</u> објавен од страна на <u>Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош</u> со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ________________________ | ________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата**

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот _______________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум                                        Овластено лице

______________                                        __________________

**Прилог 4 – Изјава за независно поднесена понуда**

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот _________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата во постапката со барање за прибирање на понуди бр.__________ [*да се наведе бројот на огласот*] ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека во постапката не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што може да доведе до поведување на постапка за утврдување прекршочна или кривична одговорност против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум                                        Овластено лице

______________                                        __________________

Прилог 5 – Нацрт – Договор

## Н А Ц Р Т - Д О Г О В О Р

**за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги за период од 2 (две) години**

Склучен на _______________ година, помеѓу:

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ, ул. Васил Главинов број 12/1 - ТЦЦ Плаза, 1000 Скопје, ЕМБС 6702031 застапувано од Главниот ревизор за ИПА, Лепосава Апостоловски Велинов, (во понатамошниот текст: договорен орган) од една страна,

и

2.______________________________________________________, претставувано од управител _________________________(во понатамошниот текст: НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА)

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош од една страна како Договорен орган и___________________ од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот опрган.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда број _________ од __________ година поднесена од понудувачот (носител на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број ___________ објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолен понудувач број__________од _________година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

**Член 2**

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавните мобилни комуникациски услуги дефинирани од договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилозите на овој договор.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

- Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената.
- Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената,
- Во прилозите на овој договор може да се утврдуваат и посебни услови соодветни на воспоставените деловни односи помеѓу носителот на набавката и договорниот орган,
- На барањата на договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

## ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Целта на овој Договор е набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилог на овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на договорниот орган добра и квалитетна услуга,
- обезбеди редовна и непрекината јавна мобилна комуникациска услуга,
- воведе ефикасни постапки и вложи максимални напори за да ја гарантира неповредливоста и доверливоста на комуникациите на договорниот орган, за зачувување на деловните тајни и личните податоци кои се однесуваат на договорниот орган согласно важечките прописи,
- го поддржува договорниот орган со совети и консултации околу изборот на видот на услуги и користење на одредени услуги,
- да постапи по пријава на дефект на претплатничка линија,
- да постапи по приговор за висина на сметка,
- доколку изврши измена на ценовникот согласно својата деловна политика да го извести договорниот орган,
- издава упатства и дава информации на претплатникот за користење на услугите, како и за обврските од претплатничкиот однос,
- е должен да го изврши пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на мобилните комуникациски услуги.

Носителот на набавката има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- ако во роковите утврдени во договорот, договорниот орган не го уплати доспеаниот долг кон носителот на набавката, времено да го забрани пристапот до услугите, во овој случај договорниот орган е обврзан при повторно вклучување да ги плати трошоците за повторно активирање,
- да доставува редовно месечна фактура по кориснички број, корисник на мобилни комуникациски услуги поединечно со пресметан износ на ДДВ чиј процент за овој вид на услуги е утврден со закон,
- да засмета законска казнена камата од денот кога договорниот орган западнала во задоцнување со плаќањето на месечната фактура,
- во случај на повреда на одредбите на овој договор, за тоа да го извести носителот на набавката и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Со засновање на претплатнички однос, договорниот орган има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- на промена на конфигурација како за зголемување, така и за намалување на бројот на претплатнички линии,
- да избере начин за користење на мобилните комуникациски услуги, согласно усвоената понуда дадена во прилогот на овој договор,
- на приговор против одлуките или активностите на носителот на набавката во врска со пристапот до или обезбедување на услугите.

Договорниот орган има обврска во согласност со прописи од оваа област да:

- во рокот означен на сметката да ја плати издадената фактура за месечна претплата и користење на основните и дополнителни услуги, реализираниот сообраќај утврдени со ценовникот на носителот на набавката, како и ДДВ утврден со закон, при што фактурирањето на месечната претплата за основните услуги, како претплатата за дополнителните услуги се врши однапред за секој месец,
- непримањето на сметката, не го ослободува договорниот орган од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобивање на месечната сметка да се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на носителот на набавката и да побара изготвување на истата,
- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,

- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,
- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

## ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Вредноста на овој договор нема да надмине ____________ денари со вклучен ДДВ.

Договорниот орган е должен да му исплатува на носителот на набавката износ во денари месечно по извршена услуга, во рок од 30 дена по достава на фактура на адресата на договорниот орган.

**Член 7**

Сите трошоци за услугата преносливост на броеви согласно овој Договор, се вклучени во понудените цени.

**Член 8**

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката и техничката спецификација од тендерската документација, носиелот на набавката ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор.

**Член 9**

Договорниот орган има право по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката да исклучи корисник во еден правец, согласно со применливите законски одредби од оваа област.

**Член 10**

За секоја активирана претплатничка линија, мобилниот оператор доделува субвенција за телекомуникациска терминална опрема во висина од_________ денари со ДДВ за времетраењето на овој Договор.

**Член 11**

Опремата од член 10 по нејзиниот прием од страна на договорниот орган, станува сопственост на договорниот орган и носителот на набавката нема право да бара нејзино враќање и по истекот на важноста на овој договор.

За сите линии кои ќе бидат подоцна приклучени кон овој договор, субвенцијата сразмерно се намалува за износ од 1/24 за изминатите месеци од важноста на овој договор.

ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК

**Член 12**

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик на мобилниот оператор и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик за кои Службата за грижа за корисници кај мобилниот оператор да може да дава податоци на заинтересирани страни.

ЗАБРАНА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА

**Член 13**

Овој Договор ќе се применува единствено за договорниот орган. Носителот на набавка ги обезбедува услугите само на договорниот орган за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од носителот на набавката на трети страни, индивидуи или правни лица, се забранува.

ЗАБРАНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ

**Член 14**

Договорниот орган нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на мобилниот оператор, освен податоците кои договорниот орган мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

ПРОМЕНИ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Носителот на набавката има обврска за известување на договорниот орган за планираните измени за условите од овој договор, во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените.

Се смета дека договорниот орган се соласил со промената на условите на договорот доколку во периодот на известувањето, писмено не го извести носителот на набавката дека го раскинува договорот.

Раскинувањето на договорот не го ослободува договорниот орган од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на овој договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 16

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.

Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор и тоа:

- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој договор,
- Доколку договорниот орган ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со носителот на набавката,
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар,
- Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од шест месеци.

### Член 17

Во случај на предвремено раскинување на договорот или деактивирање на дел од претплатничките линии пред истекот на договорниот период по барање на договорниот орган, договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му исплати 1/24 од износот на реализираната субвенција за секој месец до истекот на Договорот за секоја од деактивираните линии.

## ВИША СИЛА

### Член 18

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие наспатување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на телекомуникацискиот систем и сл.

Носителот на набавката не сноси никаква одговорност кон договорниот орган поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување и има важност [2 (две)] година од денот на потпишувањето на овој договор.

Сите дополнителни претплатнички линии на договорниот орган кои ќе бидат акивирани по потпишување на договорот, а во рамките на нивното времетраење, имаат важност до истекот на овој договор.

**Член 20**

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност од членот 6 од овој Договор

**Член 21**

Во случај на спор, надлежен е Основен Суд Скопје 2 – Скопје.

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и Законот за електронските комуникации.

**Член 22**

Договорот е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни и два за службени цели.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| **Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош Главен ревизор за ИПА,** | |
| **Лепосава Апостоловски Велинов, ОДР** | |

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката

б)Понудата на Носителот на набавката по спроведената е-аукција
в) Ценовник за услугите кои не се содржани во образецот на понуда